Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ" бр.45/97, 23/99, 45/06 и 16/04 г.) и член 38 став(1) точка 15 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.03.2023година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
# задезинфекција, дезинсекција и дератизација
# во општина Гевгелија
# за 2023година

## 1.ВОВЕД

Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки. Тоа се превентивни и куративни мерки кои се преземаат со цел, сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести.

## 2. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од преносители на заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2023 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

## 3.АКТИВНОСТИ

Во 2023година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, инсекти и штетници, општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | **Мерки и активности** | **Место и локација** | **Планирани Средства** |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекцијаи дератизација | **1.Основни училишта, детски градинки, јавни општински установи др. објекти.**<br>**2.Дезинсекција против комарци на целата територијашто јаопфаќа општина Гевгелија.**<br>**3.Дератизација (пролетна и есенска)** | 800.000,00 |
| | | **Вкупноденари:** | 800.000,00 |

**4.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со ова програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

**5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-578/1<br>28.03.2023год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**ПатрикМатх**<br>с.р.